# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОВСТВОТО

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 34/97 од 18.07.1997 година**

**Член 1**

Во Законот за ловството ("Службен весник на Република Македонија" број 20/96 и 26/96) во членот 6 став 1 по зборот "домашни" се додаваат зборовите: "и странски".

**Член 2**

Во членот 15 во 16 ред зборовите: "шумски був" се заменуваат со зборовите: "шумски ушест був".

**Член 3**

Во членот 31 по зборот "средина" се става запирка и се додаваат зборовите: "како и за наставно-научни цели".

**Член 4**

Во членот 32 став 1 алинеја 1 бројот "10.000" се заменува со бројот "13.000".

**Член 5**

Во членот 64 став 2 зборовите: "Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство" се заменуваат со зборовите: "корисникот на дивечот во ловиштето".

**Член 6**

Во членот 77 став 1 зборовите: "од 50 до 120 плати ќе се казни за стопански престап" се заменуваат со зборовите: "од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок".
Во ставот 2 зборовите: "стопански престап" се заменуваат со зборот "прекршок" а зборовите: "од пет до десет плати" се заменуваат со зборовите: "од 30.000 до 50.000 денари".
Во ставовите 3 и 4 зборовите: "стопански престап" се заменуваат со зборот "прекршок", а зборовите: "заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: "мерка на безбедност".

**Член 7**

Во членот 78 став 1 зборовите: "пет до петнаесет плати" се заменуваат со зборовите: "од 50.000 до 150.000 денари".
Во ставот 2 зборовите: "половина до три плати" се заменуваат со зборовите: "10.000 до 30.000 денари".

Во ставот 3 зборовите: "заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: "мерка на безбедност".

**Член 8**

Во членот 79 став 1 зборовите: "една петтина до половина плата" се заменуваат со зборовите: "20.000 до 50.000 денари".
Во ставовите 2 и 3 зборовите: "заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: "мерка на безбедност".

**Член 9**

Во членот 80 зборовите: "една петтина до половина плата и заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: "20.000 до 50.000 денари и мерка на безбедност".

**Член 10**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".